Милица Миркуловска
Истражувачки центар за ареална лингвистика при МАНУ
и Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, Македонија
mmirk@manu.edu.mk mmirkulovska@flf.ukim.edu.mk

# СЛОВЕНЕЧКИ ЈАЗИК

## 1. СЕГАШНО ВРЕМЕ. ОСНОВНИ И СЕКУНДАРНИ СРЕДСТВА ЗА НЕГОВО ИЗРАЗУВАЊЕ

1. Под сегашно време (сегашност) се подразбираат дејства кои се случуваат во моментот на зборувањето со различна повторливост односно дејства кои можат да се парафразираат како:

1.1. 'нешто се случува во моментот и ние го констатираме тоа'

или

1.2. 'нешто се случува во моментот или се повторува во времето (повторливо) и ние во моментот го констатираме тоа'

или

1.3. 'нешто се случува вонвременски (важи вонвременски) и ние во моментот го констатираме тоа'.

Дејствата се фактивни, сегашноста е актуелна, итеративна или омнитемпорална.

Во словенечкиот јазик (и не само во него, во јазиците воопшто) за изразување на дејства под овие парафрази примарно служат формите за презент (свршен и несвршен) во актив (и медиј).

**1.1. 'нешто се случува во моментот и ние го констатираме тоа'**

Дејствата се фактивни, сегашноста е актуелна.

1.1.1. Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во презент од глаголи со свршен вид (dovršni sedanji čas, dovršni sedanjik). На пр.:

Pavle in Nace sta se dogovarjala zaradi njve. Sledni je Pavle povzel: „Sedaj veš vse, **ponudim** njivo najprej tebi, ki si sosed; odloči se, ali jo vzameš ale ne, ker imam drugih kupcev." Nace je pomolčal, puhnil oblak dima pod strop, potem pa vzel pipo iz ust in rekel: „**Kupim**." Segla sta si v roke in razgovarjala najprej o tem, kako se bo kupčija izvedla.

(Павле и Наце се договараа за нивата. Најпосле Павле рече: „Сега знаеш сè, **ќе ти ја понудам** (**ти ја нудам**) нивата најпрвин тебе, бидејќи си ми сосед; реши се дали ја земаш или не, бидејќи имам други купувачи." Наце помолче (молчеше извесно време), пуфна облак чад наугоре, потоа го извади лулето од устата и рече: „**Ќе** ја **купам** (ја **купувам**)". Си стегнаа раце и разговараа понатаму за тоа како ќе се изведе купопродажбата).

Сегашното време е момент меѓу минатото и идното време. Затоа се зема такво дејство кое во тој момент почнува и завршува (зависно од семантиката на глаголот).

Ако некој би го прашал за време на договарањето, Наце би одговорил „**Kupujem jo**" (Ја купувам). По звршеното купување би одговорил „**Kupil sem jo**" (Ја купив). Значи формата за сегашно време од свршен глагол означува само сегашност, тоа се ретки примери кои ги употребува само првото лице само за себе (евентуално и во множина), бидејќи тоа може да одлучи за своето кажано, за извршување на дејството. Тоа се случува кај извесни ветувања, заповеди, решености и сл.: **rečem, zapovem, obljubim, obljubimo, prekličem**. (преводот е во основна форма: рече, заповеда, вети, повлече збор, отповика се).

Кај пасивните глаголи (сп. подолу) можно е и во 3 лице: S to objavo **se prekliče** veljavnost spričevala. (Со овој акт **ќе се отповика** (**се отповикува**) важноста на документот).

Формата за сегашно време од свршен глагол има значење на вистинска сегашност во многу ретки примери, кога глаголското дејство се извршува воедно со изговарањето на самиот глагол. Тоа е тнр. *извршителен* или *ефективен презент* го употребуваме во 1 и 3 лице. **Kupim. Kupi.**

1.1.2. **Ретко** со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во претерит од глаголи со свршен вид (dovršni pretekli čas, dovršni preteklik). На пр.:

Toliko časa sem ga čekal, s e d a j **je** pa le **prišel** (= je tu). Tako si pel, s e d a j **si onemel** ( = sedaj molčiš)

(Толку време го чекав, а сега сепак си **дошол**. еве го/те (да ми ти) / си (ми) **дошол** (= тука си). Толку (многу, убаво) пееше, а сега (си ми) занемел (= сега молчиш, сега не пееш)).

Понекогаш таканареченото свршено минато време (минато време од свршени глаголи) исто така може да изрази и непосредно извршено дејство, кое од минатото со својот резултат достига директно до сегашноста. Прилошките изрази кои изразуваат (именуваат) сегашност се помалку „одговорни" за моментот на сегашноста отколку свршениот глагол.

1.1.3. **Ретко** со оваа парафраза, се конструкциите конституирани од предикат во форма на императивни (прохибитивни) конструкции од несвршен (и од свршен вид ), што не е нивна примарна употреба. На пр.:

**Govori** ali **molči**, nič mu ni pogodu (= če govoriš). **Delaj** ali **ne delaj**, nič ne pomaga (= Če delaš ali ne delaš ...).

(**Зборувај** или **молчи**, ништо не му годи (=ако зборуваш). **Работи** или **не работи,** ништо не помага (= и да работиш и да не работиш).

**1.2. 'нешто се случува во моментот или се повторува во времето (повторливо) и ние во моментот го констатираме тоа'.**

Дејствата се фактивни, сегашноста е актуелна или итеративна.

1.2.1. Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во презент од глаголи со несвршен вид (nedovršni sedanji čas, nedovršni sedanjik). На пр.:

**Stojim** i **gledam**: velikanski ogenj **gori**. **Mrači se** in zmeraj svetleje **odseva** plamen. Po travi **sede** dekleta, njim nasproti fantje.

(**Стојам** и **гледам**: огромен оган **гори**. **Се смрачува** и сѐ посветло **отсјајува** пламенот. На тревата **седат** девојки, а спроти нив момчиња.)

Сегашното време од несвршени глаголи, како што самиот говорител гледа, означува дејство што се случува или извршува околу него. Го употребуваме при опишување на различни случки или настани кои се случуваат (со различна повторливот) во околината. Сегашното време од несвршени глаголи означува дејство кое во вистинска смисла на сегашноста се случува или повторува.

1.2.1.1. Зависно од контекстот, со оваа парафраза се конструкциите конституирани од предикат во форма на потенцијални конструкции од несвршен и од свршен вид во презент и претерит, што не е нивна примарна употреба од типот:

**Rekel bi**, da ni prav zdrav.

(**Би рекол,** дека не е прав и здрав.)

На овој начин даваме информација за 'обзирност' (’дистанцираност’) при нашите тврдења или заклучоци.

1.2.1.2. Зависно од контекстот според оваа парафраза се конструкциите конституирани од предикат во форма на потенцијални конструкции од несвршен и од свршен вид во презент и претерит, што не е нивна примарна употреба. Дејствата се фактивни. На пр.:

Kaj **bi** pa rad **povedal**? Po vsem **bi sklepal**, da je učenec siromašen.

(Што **би кажал** радо? По сето **би заклучил** дека ученикот е сиромашен.)

Се изразува сегашност или повеќекратност (повторливост) во минатото (што важи и за сегашноста) или и вонвременски факти.
1.2.1.3. Имаме изменета дијатеза. (блокирана позиција на аргумент). Дејствата се фактивни. Конструкциите според споменатата парафраза се конституирани од предикат со форма на медиј од презент на несвршени глаголи, а значењето според вообичаено прифатена терминологија е пасивно. На пр.:
Kako daleč si že s knjigo? **Tiska se**. Prvi del je že natisnjen (=tiskan). = Založba tiska knjigo.
Ali *so* moje omare **narejene**? Ne še, a bodo kmalu, *se* že *delajo*. = Delavci že delajo omare.
(До каде си си книгата? Се печати. Првиот дел е веќе испечатен (=напечатен). = Издавачката куќа ја печати книгата.
(Дали се направени моите плакари? Сеуште не, скоро ќе бидат, веќе се работат. = Работниците веќе ги работат плакарите.)
Формите *tiska se, dela se, govori se* итн. кажуваат дека нешто е во фаза на печатење, работа, зборување, дека нешто се случува со субјектот, вршителот. (Формата е медијална а значењето пасивно според Бајец и др.). Кога формата со *se* е медијална а кога пасивна се заклучува од пошитокиот контекст, на пр.:
Komaj dva dni je lepo, pa **se** že **popravlja** pot. (медиј)
Kaj še ne boste popravili poti? **Se** že **popravlja**, ta teden smo začeli. (пасив)
(Одвај два дена е убаво, па веќе патот се поправа [самиот од себе]) Зарем сè уште не го поправивте патот? Веќе се поправа, оваа недала започнавме)
Во првиот пример патот сам од себе се поправа заради времето (и имаме медиј). Во вториот пример имаме пасив бидејќи работната група тврди дека тие започнале со поправката. Словенечкиот јазик од овие причини не ги "сака" пасивните конструкции со *se*, бидејќи "звучат туѓо". Кај несвршените глаголи формата за пасив е еднаква на медиј или ја заменуваме со актив.
1.2.1.4. Имаме изменета дијатеза. (изменета хиерархија на аргументите). Дејствата се фактивни. Конструкциите според споменатата парафраза се конституирани од предикат со форма за пасив во презент, а значењето според вообичаено прифатена терминологија е пасивно. На пр.:
**Odprta** noč in dan **so** groba vrata.
Отворени се дење и ноќе вратите на гробот.
1.2.1.5. Имаме изменета дијатеза. (изменета хиерархија на аргументите). Дејствата се фактивни. Конструкциите според споменатата парафраза се конституирани од предикат со форма за пасив со *naj* во презент, а значењето според вообичаено прифатена терминологија е пасивно. На пр.:
*Naj bo rečeno* enkrat za vselej. = Rečem enkrat za vselej.
(Нека биде речено еднаш за секогаш (конечно) = Кажувам еднаш за секогаш)

**1.2.2. 'нешто се случува повторливо / се повторува во времето и ние во моментот го констатираме тоа'.**

Дејствата се фактивни, сегашноста е итеративна.
Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во форма на презент од глаголи со несвршен вид (nedovršni sedanji čas, nedovršni sedanjik). На пр.:
Rudi *piše* da **dela** in dobro **služi**. Lani je bil vse leto brez zaslužka, pa je vender *pisal,* da **dela** in dobro **služi.** Je že tak, čeprav bi mrel od hudega, *bo pisal*, da **dela** in dobro **služi.**
(Руди *пишува* дека **работи** и добро **заработува**. Лани цела година беше без заработувачка, па сепак *пишуваше* дека **работи** и добро **заработува**. Таков си е и да умира од немаштија *ќе пишува* дека **работи** и добро **заработува**.)
Дејството се повторува во сегашноста, минатото, иднината (а тоа зависи од времето во "главната" реченица *piše, je pisal, bo pisal*).

1.2.2.1. Имаме изменета дијатеза (блокирана позиција на аргумент). Дејствата се фактивни. Конструкциите според споменатата парафраза се конституирани од предикат со форма на медиј од презент на несвршени (и свршени?) глаголи. Се употребуваат само во 3. лице еднина кога се сака да се воопшти вршителот, скрие, не е битен како таков итн. (За упатства, мудри мисли на граница со општоважечки вистини сп.: 1.3.). На пр.:
Tod *se gre* na Triglav. *Pride se* v eni uri. Z njim *se* lahko *shaja*. No, *se* že *živi*. *Umrje se* tudi brez denarja. Prijetno *se hodi* (*leži, sedi, spi, počiva*)
(Оттука се оди на Триглав. Се доаѓа за еден час. Со него може да се соработува. Ама, сепак (некако) се живее. Се умира и без пари. Удобно се оди (лежи, седи, спие, одмара))

**1.3. 'нешто се случува вонвременски (важи вонвременски) и ние во моментот го констатираме тоа'.**

Дејствата се фактивни, сегашноста е омнитемпорална.
1.3.1. Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат во презент од глаголи со несвршен вид (nedovršni sedanji čas, nedovršni sedanjik). На пр.:
Kakor se mi **streže**, tako mi kosa **reže**. Kdor druge **zaničuje**, prazno glavo **oznanjuje**.
(Како ми **се угодува**, така косата ми **коси**. Колку ме **плаќаш** толку ти **работам**.
Кој другите ги **омаловажува**, празна глава **навестува** (**покажува**))
Примерите од овој тип се поговорки, севременски вистини, мудри мисли, правила, закони, научни ставови ... или при утврдување на севажечки вистини ...
Сегашното време од несвршени глаголи означува дејство кое во секое време се случува или повторува.
1.3.2. Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во презент од глаголи со свршен вид (dovršni sedanji čas, dovršni sedanjik). На пр.:
Kdor nazadnje **pride**, kosti **dobi**. Kopriva ne **pozebe**.
(Кој последен ќе **дојде**, трошки ќе **добие**.
Копривата нема да **смрзне**. Во корива гром не удира)
Примерите од овој тип се севременски вистини, правила, констатации и сл. кои се базираат врз искуството (емпиријата). Формата за сегашно време од свршен вид не укажува дека дејството се врши во сегашност, минатост или идност, туку дека тоа дејство ќе се случи во секое време. Ова значење со свршено сегашно време или аорист го нарекуваме искуствено или емпириско сегашно време.
1.3.3. Имаме изменета дијатеза (блокирана позиција на аргумент). Дејствата се фактивни. Конструкциите според споменатата парафраза се конституирани од предикат со форма на медиј од презент на несвршени (и свршени) глаголи. Се употребуваат само во 3. лице еднина кога се сака да се воопшти вршителот, скрие, не е битен како таков итн. (за упатства, мудри мисли на граница со општоважечки вистини сп.: 1.3.). На пр.:
Pri nas *se* veliko **bere** (malo **piše**).
V mlinu **se** dvakrat **pove**.
Vzame **se** že **vzame**, le **vrača se** teško.
**Se ve**, da ni res. (= seveda)
(Кај нас многу се чита (малку се пишува). Во воденицата двапати се кажува. Лесно се зема ама тешко се враќа. Се знае дека не е вистина).
1.3.3.1. Имаме изменета дијатеза (блокирана позиција на аргумент). Дејствата се фактивни. Конструкциите според споменатата парафраза се конституирани од предикат со форма на медиј од презент на несвршени глаголи, а значењето според вообичаено прифатена терминологија е пасивно (се употребува за поговорки и сл.). На пр.:
To **govori se** kar na jezik pride. Pouči me, kako in kaj všeč **se** Kranjcem **poje**!
(Тоа се зборува што ќе ти дојде (на јазикот). Научи ме како правилно да сторам (научи ме како да пеам за да на Крањците им биде добро!)

1.3.4. Дејствата се фактивни. Се работи за конструкции според споменатата парафраза конституирани од предикат со форма на потенцијални конструкции од несвршен и од свршен вид во презент и претерит, што не е нивна примарна употреба.
Lakomnik **bi** še lastnega brata **prodal**.
Алчниот би го продал и спостениот брат.

## 2. СЕГАШНОТО ВРЕМЕ КАКО КОМПОНЕНТА ВО ДРУГИ ЗНАЧЕЊА. СРЕДСТВА ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ. (СЕКУНДАРНИ ФУНКЦИИ НА СЕГАШНОТО ВРЕМЕ )

**2.** Под секундарни функции на сегашното време (сегашност) се подразбираат дејства кај кои е нагласена врската со моментот на зборувањето, врската со сегашноста. Тие дејства или траеле во минатото и имаат резултат кој се констатира во сегашноста (таканаречен резултативен презент) или сегашниот момент е битен како одлука, готовност, спремност на говорителот да го изврши дејството во (блиска) иднина (таканаречена готовност). Тоа се дејства кои се парафразираат како:
2.1. 'во моментов некој е готов да направи нешто (да го изврши дејството)'
2.1.1. 'некој во моментот апелира кон некого да го изврши дејството' (+ 'апелот е вонвременски')

**2.1. 'во моментов некој е готов да направи нешто (да го изврши дејството)'**

Не се работи за сегашност на дејството, туку за компонентата на спремност, готовност, решеност во моментот (сегашноста) да се изврши дејството во иднина. Дејството е нефактивно.
Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во презент од глаголи со свршен вид (dovršni sedanji čas, dovršni sedanjik). На пр.:
**А)**
Kdo **vzdigne** ta kamen? Kdo **se znajde** v tej zmešnjavi? Ali **razbije** oreh s prstom?
Rad bi ga poznal, ki mi **zabrani** pot čez travnik.
(Кој ќе го **подигне** овој камен? Кој ќе **се снајде** во оваа збрка? Дали ќе го **скрши** оревот со прст? Радо би го запознал (оној) кој ќе ми го **препречи** патот низ ливадава?)
Тука не се работи за дејство кое ќе се изврши во определено време, туку за можност или неможност тоа дејство да се изврши без оглед на времето: *kdo more* (кој може) или *ne more* (не може) *vzdigniti, se znajti, razbiti, vreči, zabraniti, odmakniti, spraviti, priti, zaspati, ustaviti, najti* (да подигне, да се снајде, да скрши, да фрли, да забрани, да помрдне, да засолни, да дојде, да заспие, да заспие, да запре, да најде.)
Оваа употреба е кога прашуваме за можности (зависни или независни прашања), во негативни искази, кога ја поддржуваме неможноста.
Презентот од глаголи од свршен вид исто така изразува постоечка можност или неможност да се изврши дејството без оглед на времето и се нарекува можностен свршен вид (аорист).
**Б)**
Srajco ti še **zašijem**, drugega pa ne. Ali **vzameš** knjigo?
(Уште кошулава ќе ти ја **сошијам**, а друго не. Дали ќе ја **земеш** книгава?)
Презентот од глаголи од свршен вид не изразува дејства кои се извршиле во определено време, туку готовност, спремност, волја, намера, дејството да се изврши без оглед на времето. *Lahko bi tudi rekel da je ali ni voljen, pripravljen, odločen ... zašiti, prodati, kupiti, se umakniti, staviti, dati, posoditi ...* (Би можел да речам дали е или не е расположен, подготвен, решен ... да сошие, продаде, купи, се потргне, стави, даде, позајми)

Формите за сегашно време од глаголи од свршен вид изразуваат готовност, подготвеност, волја, намера некој да направи нешто, се именува како намерен свршен вид (аорист).

**2.1.1. 'некој во моментот апелира кон некого да го изврши дејството' (+ 'апелот е вонвременски')**

2.1.1.1. Дејствата не се фактивни. Се работи за конструкции конституирани од предикат кој е во императивни конструкции од несвршен и од свршен вид. Сега во моментот говорителот наредува, забранува, (или исто во поблага форма) посакува, моли да се случи нешто (дејството). На пр.:

Takrat **se spomni**, bistra Soča, kar gorko ti srce naroča: tačas pridrvi vse na dan, **narasti, vzkipi** v tok strašan! Ne **stiskaj** v meje **se** bregov, srdita čez branove **stopi**!

(Тогаш *сети се*, бистра Соча, што ти нарачува топлото срце [на поетот] во тој час исфрли сè на видело, *нарсани, зоври* во страотен тек! Не *стегај се* во границите на бреговите, разгневена преку насипите *излези*!)

Popotnik, ki tod mimo prideš, **vedi**, da je še živ v grobovih teh naš sen, **prisluhni** trpki bratovski besedi, **premisli** našo žrtev, na namen!

(Патнику, што оттука ќе поминеш, *знај*, дека сè уште е жив во гробовите нашиот сон, *заслушај се* во горчливиот братски збор, *размисли* за нашата жртва, за целта!)

Споменатите констукции можат да имаат помалку или повеќе нагласена вонвременска компонента. Тоа особено се согледува кај забраните.

Споменатите конструкции можат да бидат повторливи или еднократни (при што голема улога има видот на глаголот).

Ne **hodi** na sonce, če imaš maslo na glavi!

Ne **pozabi** me!

(Немој да одиш на сонце ако имаш масло на главата! Не ме заборавај!)

2.1.1.2. Дејствата не се фактивни. Се работи за конструкции конституирани од предикат во императивни конструкции од несвршен и од свршен вид за 1 л. еднина и 3 л. еднина, двоина и множина (аналитички императив со *naj*) и под 1.3.3. форми со *naj* (1.3.3.1. и 1.3.3.2.). Сега во моментот говорителот наредува, забранува, посакува, моли да се случи нешто (дејството). На пр.:

Edinost, sreča, sprava k nam **naj** nazaj **se vrnejo**! Prost **naj bo** Slovencev dom! **Naj** mu **ne stori** nič zlega!

(Единство, среќа, слога, кај наз назад нека се вратат! Нека биде слободен домот на Словенците! Нека не му стори ништо лошо!

**Naj bi se bil oglasil** *davi*! **Naj bi ne bil čakal** tako dolgo!

(Камо да се јавеше синоќа! Камо да не чекаше толку долго!)

2.1.1.3. Дејствата не се фактивни. Се работи за конструкции конституирани од предикат кој е во инфинитив. Тоа се забрани со нагласена вонвременска компонента, при што неопходен е лексичкиот показател од типот *nikar, nikarte*.

*Nikar* **sramotiti** zaslužnih ljudi! Ne koj vsega **zavreči**! Vse se bo uredilo, le **vpiti** ne! **Nikarte** Turku mene **dati**!

(Никако немојте да да зборувате лошо за заслужните луѓе! Немојте веднаш сè да отфрлите! Сè ќе се среди, само немојте да викате! Никако (Аман за аман) на Турчин мене не ме давајте!

Тука можат да се вбројат и "погрешната" употреба за заповед навлезена под туѓо влијание (особено во натписите):

*Tukaj pritisniti! Vrata zapirati! Desno voziti!*

(Тука да се притисне! Вратата да се затвори! Десно да се вози!)

# 3. СЕКУНДАРНИ ЗНАЧЕЊА (ТРАНСПОЗИЦИИ) ШТО ГИ ИМААТ ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА СЕГАШНОТО ВРЕМЕ

**3. Транспозиции на сегашноста.** Транспозиции на основните средства во словенечкиот јазик за изразување на дејства во сегашност – формите за презент (свршен и несвршен). Со споменатите форми се изразуваат дејства во минатост и во иднина, под парафразите:
3.1. 'нешто ќе се случи по моментот на зборувањето'
или
3.2. 'нешто се случи пред моментот на зборувањето (и последициите уште траат во моментот (во сегашноста))'

**3.1. 'нешто ќе се случи по моментот на зборувањето'**

Дејството е нефактивно, сместено во иднината.

Примарни средства за изразување на овој тип значење се формите за футур.

Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во презент од глаголи со свршен вид (dovršni sedanji čas, dovršni sedanjik). На пр.:
a) Denar ti **posodim** jaz, **dobiš** ga zvečir. O počitnicah **pridem** in **pogledam** tvoje gospodarstvo. (Пари ти ќе ти **позајмам** јас, ќе ги **добиеш** вечер. За распустот ќе **дојдам** и ќе го **разгледам** твојот имот)
b) Ako pa **naklonijo** nam smrt bogovi, manj strašna noč je v črne zamlje krilu, ko so pod svetlim soncem sužni dnovi. Če to **napraviš**, te ne **pogledam** več.
(Ако ни ја **наменат** смртта боговите, помалку страшна е ноќта во закрилата на црната земја, одошто под светлото сонце ропските дни. Ако тоа го **направиш**, нема да те **погледнам** веќе).

Презентот од глаголи со свршен вид во овие примери изразува идност со сите значења што ги има иднината кај глаголи со несвршен вид. И во главни реченици (а) и во зависни реченици (б). Тука може да ги замениме со идно време, но кога е јасно значењето порадо се употребува презент од глаголи со свршен вид од идно време.
(Тука авторот, Бајец и др., наведува на споредба со идното време од свршени глаголи во рускиот јазик, а ние би додале и во другите "северни" јазици)

**3.2. 'нешто се случи пред моментот на зборувањето (и последициите уште траат во моментот (во сегашноста))'**

Дејствата се фактивни, се работи за минатост чиј резултат досега (достига) до моментот на зборувањето. Примарни средства за изразување на значења со оваа парафраза се формите за претерит.
3.2.1. Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во презент од глаголи со несвршен вид (nedovršni sedanji čas, nedovršni sedanjik). На пр.:
Megla je bila in tema kakor v rogu. Kar se barka tri pota *zaguglje*. Jaz **gledam, gledam, poslušam** - nič ni bilo.
(Магла беше и темно како во рог. Одеднаш бротчето три пати *се заниша*. Јас **гледам, гледам, слушам** - ништо немаше.)

Означува минатост (минато дејство). Се постигнува живост, сликовитост, а истата е започната со сегашно време од свршен глагол (*zaguglje*.). Секогаш мора де е воведено од сегашно време свршен глагол.

Сегашно време од несвршен глагол не може да се употреби за изразување на иднина. Неграматички е Jutri **(*) pišemo** slovensko nalogo (Утре (*) пишуваме писмена задача по словенечки), туку мора со идно време **bomo pisali.** (Утре ќе пишуваме писмена задача по словенечки).

3.2.2. Со оваа парафраза се речениците конституирани од предикат кој е во презент од глаголи со свршен вид (dovrљni sedanji čas, dovrљni sedanjik). На пр.:

**А)**

Ob enajstih je bilo, to še dobro vem. Sam sem stal, megla je bila in tema kakor v rogu ....Postajal sem dremoten, zato sem začel tjakaj po morju gledati. Kar gori v jamboru nekaj **zacvili**. Jaz gledam, gledam - nič ni bilo. Spet se mi **zadremlje**, pa **počenem** na tla. Kar se barka tri pota **zaguglje** .....

(Беше во единаесет, тоа добро го знам. Сам стоев, магла беше и темно како во рог... Станав дремлив, затоа почнав накај море да гледам. Наеднаш горе во јарболот нешто ќе **зацвили**. Јас гледам, гледам, слушам - ништо немаше. Пак ќе ми се задреме, па ќе чучнам на подот. Одеднаш бротчето три пати ќе *се заниша*.)

Во контекст кога се раскажува за минати настани. Кога се преминува од минатост кон сегашност укажуваат сврзниците **kar, ko, že, tedaj, pa, vtem, brž, komaj** (одеднаш, кога, веќе, тогаш, па, во тој миг, миговно, одвај). И при тоа новиот настан, како во драма, живо треба да ни се појави пред очи. За ваков премин од минатост кон сегашност се употребува форма за сегашно време од глаголи од свршен вид, па мораме да употребиме и форма за сегашно време од несвршени глаголи со значење на насвршено идно време. Со овие сегашни времиња постигнуваме напнатост, тензија, живост при раскажувањето.

Сегашното време од свршени глаголи се употребува при живо раскажување, кога писателот го дава минатото дејство како сегашно. Овој вид на наративна сегашност го нарекува драматична сегашност.

Треба да се внимава на употребата на оваа форма. Во иста реченица не смее да се појават премногу често. Бајец и др. вели дека некогаш (а веројатно и во дијалектите ММ) е можна таква употреба, но денес стандардот тоа не го прифаќа. Пр.: Ko sem ga po tolikih leti spet **videl**, me (*) **navda** veliko veselje (Кога по толку години пак го видов ќе ме обземе голема радост) (правилно е **je navdalo**! ме обзеде) . Авторот забележува дека ваквата употреба е од туѓо влијание.

**Б)**

Deseto poglavje: Oliver natančneje **spozna** značaj svojih novih tovarišev.

Pod podobo je stal napis: Nemci **vdero** v vas, jo **zažgo** in **postrele** talce.

(Десето поглавие: Оливер подробно го **запозна** карактерот на своите нови пријатели. Под сликата стоеше натпис: Германците ќе го нападнат селото, запалат и ќе ги испострелаат заложниците).

Во романи, под споменици, при наведување на содржина не некое книжевно дело, при временски преглед на настаните – наративен презент исто така се употребува и во натписи на романите, историски дела, списанија ...

Во истиот момент завршено дејство карактеристично за таканаречената ефективна сегашност не може да се изрази со сегашно време од свршен глагол, бидејќи самото по себе е свршено е минато. Затоа се вели: *zdaj delam* (сега работам) : *zdaj sem delal* (сега работев) но не и *zdaj *dodelam* (сега *доработам). Тоа значи дека сега ќе дојде тој момент кога сегашното свршено време **dodelam** ќе стане навистина (ќе се случи). Па оттука потекнуваат грешки во употребата (Стандардот ги смета за такви, но ги бележи како такви ММ). На пр.: Včerajšnja Pravda **priporoči** složen nastop sojuznikov (правилно **je priporočila** или **priporoča**).